## TOSHIBA PORTEGE G810



"Toshiba" претстави нов Pocket PC уред - моделот Portege G810, кој го споредуваат со Touch Cruise на HTC. Една од битните работи поврзани со овој паметен телефон е и неговиот дизајн, па освен атрактивноста треба да се издвои и широчината од само 14 милиметри. Екранот е со големина од 2.8 инчи и QVGA резолуција, и нормално - чувствителен на допир, а корисниците ќе ја ценат и GPS поддршката преку вградениот GPS приемник, како и поддршката за Wi-Fi и USB 2.0. Toshiba Portege G810 доаѓа со Qualcomm MSM7200 400MHz процесор, 256 MB ROM и 128 MB RAM, батерија со капацитет од 1530 MaH, а работи на Windows Mobile Professional оперативниот систем.

Од мултимедијалните опции треба да се спомне камерата од 3 мегапиксели со автоматски фокус, FM радиото со RDS и Windows Media плеерот. Би требало на пазарот да се појави во вториот квартал од годинава, а цената сè уште не е објавена.



## iPHONE НА ПРЕКЛОПУВАЊЕ



Доколку може да им се верува на најновите шпекулации и фотографии кои се појавија на Интернет, моментно најпосакуваниот мобилен уред ќе добие и нова верзија претставена во форма на преклопување. Фотографијата која ја гледате е изработена врз основа на неодамна поднесеното барање за патент на уред наречен "Dual sided trackpad" од страна на "Apple". Според податоците од приложеното барање, iPhone 2.0 би требало на двете преклопни површини да содржи дисплеи на допир, а би требало и кога уредот е затворен, исто така, од надворешната страна да биде чувствителен на допир, како класичниот модел на iPhone, но со помали димензии. Според барањето за патент, "Apple" планира истата технологија да ја примени и на Apple Tablet - минијатурен преносен компјутер, кој од двете страни би требало да биде чувствителен на допир.

